# Билтен бр. 2

Датум 09 / 10 / 2023




# LEAF

**Учење за основите на еколошките ставови**

Со задоволство ви го пренесуваме второто издание на билтенот од проектот LEAF, кој служи како порта за сите случувања и новости за нашиот проект.

LEAF, што е кратенка од Learning Ecologic Attitude Fundamentals, е иновативна иницијатива која има за цел да ја револуционизира стручната обука во рамките на работниот профил Зелен Маркетер.

**Ајде да се нурнеме во деталите!**

2022-2-IT01-KA210-VET-000101300

**СОДРЖИНА**

**ВОВЕД ВО ПРОЕКТОТ**

**Втор партнерски состанок**

**Рим, 7-8.09.2023**

**Следни чекори:**

# Втор партнерски состанок во Рим

## Вовед во проектот

## Партнери во проектот

**Координатор: Cuore S.r.l. Impresa Sociale (Италија)**

**Други партнери:**

**Фондација "Smart Minds" (Латвија)**

**Фондација Агро-центар за едукација -ФАЦЕ**

**(Република Северна Македониај)**

**Асоцијација ARID (Полска)**

**Neotalentway S.L. (Шпанија)**

Овие организации ги здружија силите за да ги донесат својата експертиза и знаење, обезбедувајќи го успехот на проектот.




**Времетраење на проектот**

Проектот LEAF започна со реализација од 1-ви Април 2023 и ќе трае се до 29-ти Февруари 2024 година, при што неуморно ќе работиме за да ги постигнеме нашите специфични цели.

## Постигнати резултати

Со завршувањето на Активноста 1, партнерите ја дефинираа компетентноста на зелениот маркетинг врз основа на која ќе ги креираат материјалите и ќе ги структурираат модулите кои ќе го сочинуваат курсот за обука за обучувачи.



Креирана е платформата на која ќе се поставуваат сите материјали за учење потребни за обуката на обучувачи.

Платформата е достапна на следниот линк: https://leaf-project.eu/

Сите материјали за учење креирани од партнерите ќе бидат достапни во наредните недели.

# СЛЕДНИ АКТИВНОСТИ

Вториот состанок на партнерите на проектот беше успешен на многу начини.
Состанокот кој се одржа во прекрасниот град Рим, дополнително ја зајакна соработката и посветеноста на сите партнери. Сите учесници додадоа поголема вредност на дискусијата предлагајќи нови стратегии, методологии и техники за подобрување на содржините како и функционалноста на платформата. Ова, всушност, е столбот на целата колективна работа, а содржината поставена на неа ќе биде основа за идните активности.




Секој партнер ја сподели својата експертиза и искуство, помагајќи му на целиот проектен тим да ги наведе следните чекори и како да ги спроведе следните активности.



Следни активности во проектот се:

- **Ко-креација на материјали.** Сите материјали и содржини создадени од партнерите ќе бидат поставени на платформата на проектот и ќе се користат за следните чекори.

- **Развивање на (Прирачник за методологии) методолошки пакет алатки** неопходни за имплементација на обуката во секоја од партнерските земји со идентификување и вклучување по еден обучувач од секоја земја-партнер во проектот.



Сите новости ќе бидат достапни на социјалната страница на проектот и на веб-страницата на проектот LEAF ( https://leaf-project.eu/ ), како и на социјалните медиуми на сите партнери.

LEAF

Co-funded by
the European Union

FUNDED BY THE EUROPEAN UNION. VIEWS AND OPINIONS EXPRESSED ARE HOWEVER THOSE OF THEAUTHOR(S) ONLY AND DO NOT NECESSARILY REFLECT THOSE OF THE EUROPEAN UNION OR THE EUROPEANEDUCATION AND CULTURE EXECUTIVE AGENCY (EACEA). NEITHER THE EUROPEAN UNION NOR EACEA CANBE HELD RESPONSIBLE FOR THEM.